Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2023.10.06 09:20:28 +02'00'

5. ПРЕЛИМИНАРНА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИКЛУЧОК АД МЕПСО

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
T: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.-Nr. 11-5842/1
02.10.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје

Ул. Иван Аговски, бр.11/1-10

Скопје

Предмет: **Прелиминарна согласност за приклучување на електропреносна мрежа**

Почитувани,

Во прилог ви ја доставуваме Прелиминарната согласност за приклучување на ФЕЦ Пробиштип 1 на електропреносна мрежа со која може да ја продолжите постапката за Овластување за изградба на ФЕЦ Пробиштип 1 согласно Законот за енергетика.

Постапката за приклучување на електропреносна мрежа продолжува со изработка на Студијата за приклучување на ФЕЦ Пробиштип 1 на електропреносна мрежа по добиеното Овластување за изградба.

Со Почит,

Изработил: Александра Аговска

Проверил: Елизабета С.Атанасова

Одобрил: Ерол Кецап

АД МЕПСО-Скопје
Генерален директор
Zahdi Enuz

КО: - Генерален Директор
- Оддел за развој и и нвестиции
- Служба за приклучоци
- Архива

МЕПСО

Врз основа на член 55, точка 2 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" 96/18, "Службен весник на РСМ" 96/19 и 236/22), во согласност со член 25 од Статутот на Друштвото ("Службен весник на РСМ бр.165/20"), а постапувајќи по барањата на **Друштво за производство, трговија и услуги СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје,** арх.бр.11-4081 од 21.07.2022 година (ФЕЦ Бучиште), арх.бр.11-2023 од 04.04.2022 година (ФЕЦ Чашица), арх.бр.11-1798 од 23.03.2022 година (ФЕЦ Пробиштип), **Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје** на ден 01.09.2023 година ја донесе следната:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrik i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 11-5842
02.10 20 23 год.-viti
SKOPJE - SHKUP

Прелиминарна согласност

за приклучување на системот за пренос на електрична енергија
на производителот на електрична енергија ФЕЦ Пробиштип 1
(ПРЕЛИМИНАРНА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ)

на **Друштво за производство, трговија и услуги СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје** (или скратено „**СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје**") со седиште на Ул. Иван Аговски, бр.11/1-10, Скопје, ЕМБС:7597010, ЕДБ: 4057022560995, жиро сметка бр. 270076220230177 депонент на Халк Банка АД Скопје.

1. БАРАЊЕ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА МРЕЖА

Барателот „СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје", како производител на електрична енергија, поднесе барања: арх.бр.11-4081 од 21.07.2022 година (ФЕЦ Бучиште), арх.бр.11-2023 од 04.04.2022 година (ФЕЦ Чашица), арх.бр.11-1798 од 23.03.2022 година (ФЕЦ Пробиштип), за приклучување на фотонапонската електрична централа Пробиштип 1 (ФЕЦ Пробиштип 1) на електропреносна мрежа, во Согласност со Договор за уредување на меѓусебните права и обврски во врска со пренос на право за приклучување на електропреносна мрежа – проект ФЕЦ Пробиштип 1 број УЗП 3295/2023 од 06.07.2023 заверен од нотар Анита Адамческа.

2. ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА МРЕЖА

Основните технички карактеристики на ФЕЦ Пробиштип 1 потврдени со Образецот за приклучок на фотонапонска електрична централа со арх.бр.11-4081 од 18.08.2023 година се:

ФЕЦ Пробиштип 1	Номинална моќност P_{AC} [MW]
Производител:	**110 [MW]**
Потрошувач:	**1 [MW]**

Местото на приклучок на ФЕЦ Пробиштип 1 на електропреносна мрежа на Барателот „СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје" е ТС Пробиштип кое е дефинирано во потврдените "Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Бучиште на преносна мрежа" арх.бр.11-3529 од 05.06.2023 година, "Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Чашица на преносна мрежа" арх.бр.11-5450 од 07.10.2022 година и "Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Пробиштип на преносна мрежа" арх.бр.11-5451 од 07.10.2022 година.

Приклучокот на електропреносната мрежа на ФЕЦ Пробиштип 1 е составен од ново 110 kV далекуводно поле во 110 kV ТС Пробиштип.

МЕПСО

3. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА МРЕЖА

Барателот по добиената прелиминарна согласност за приклучување на системот за пренос на електрична енергија ја продолжува постапката за добивање Овластување за изградба на нови или зголемување на инсталираната моќност или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија со инсталиран капацитет над 10 MW (Овластување за изградба) кое го издава Владата на РСМ.

Владата на РСМ по целосното барање за Овластување за изградба треба да донесе одлука со образложение за причините за издавање или одбивање на барањето за Овластување за изградба. Врз основа на донесената одлука на Влада на РСМ, постапката за приклучување на електропреносна мрежа е следна:

1. Со одлука за одбивање на барањето за Овластување за изградба престанува да важи издадената Прелиминарна согласност за приклучување.
2. Со одлука за издавање на Овластување за изградба, инвеститорот може да ја продолжи постапката за приклучување на електропреносна мрежа.

Со добиеното Овластување за изградба, продолжува постапката за приклучување на електропреносната мрежа на објектот за производство на електрична енергија со изработка на Студијата за приклучување на електропреносна мрежа. Следниот чекор во изработката на Студијата за приклучување ќе биде изработка на дополнителна анализа со која ќе се утврди можноста за приклучување на електропреносната мрежа зависно од моменталниот статус на постапката за приклучување на останатите нови баратели во регионот од интерес. Притоа, условите за приклучување ќе се дефинираат од аспект на:

- расположлив евакуациски капацитет на електропреносната мрежа,
- потреба од зајакнување на електропреносната мрежа и
- можноста за обезбедување системски резерви за балансирање на електроенергетскиот систем.

Доколку „СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје“ ги прифати условите за приклучување, постапката за приклучување ќе продолжи со доработка на Студија за приклучување на електропреносна мрежа и ќе се издаде Решение за согласност за приклучување на електропреносна мрежа врз основа на Овластувањето за изградба и усвоената Студија за приклучување на електропреносна мрежа.

4. ОСТАНАТИ УСЛОВИ

Составен дел на ова Прелиминарна согласност за приклучување се “Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Бучиште на преносна мрежа” арх.бр.11-3529 од 05.06.2023 година, “Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Чашица на преносна мрежа” арх.бр.11-5450 од 07.10.2022 година и “Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Пробиштип на преносна мрежа” арх.бр.11-5451 од 07.10.2022 година изработени согласно Мрежните правила за пренос на електрична енергија и усвоени од АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и „СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје“, Барањето за приклучок арх.бр.11-4081 од 21.07.2022 година (ФЕЦ Бучиште), арх.бр.11-2023 од 04.04.2022 година (ФЕЦ Чашица), арх.бр.11-1798 од 23.03.2022 година (ФЕЦ Пробиштип и Образецот за приклучок на фотонапонска електрична централа арх.бр.11-4081 од 18.08.2023 година.

Барателот е должен да постапи според условите од оваа Прелиминарна согласност за приклучување.

Прелиминарната согласност за приклучување стапува во сила со денот на донесувањето.

Правна Поука: Против оваа Прелиминарна согласност за приклучување барателот има право да поднесе жалба до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот на Прелиминарната согласност за приклучување.

Изработил: Елизабета С. Атанасова_____

Климент Наумоски _____

Согласен: Ерол Кецап_____

За АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје

Генерален Директор

Zuhdi Enuz

_____

Договор за уредување на меѓусебните права и обврски
во врска со пренос на право за приклучување на електропреносна мрежа
- проект ФЕЦ ПРОБИШТИП 1 -

Склучен на ден 06.07.2023 година, помеѓу:

1. Друштво за производство трговија и услуги **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Иван Аговски бр. 11/1-10, Скопје-Карпош, со ЕМБС 7597010, со ЕДБ 4057022560995, застапувано од Иван Пишманов од Бугарија, со адреса на ул. Неофит Бозвели бр. 7, кат 2-Стан 9 1505, Софија, Управител-Менаџер со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет,
   ***од една страна, како ПРВА ДОГОВОРНА СТРАНА**, (во понатамошен текст прва договорна страна/СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје)*

2. Друштво за производство, трговија и услуги **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје**, со седиште на ул. Дебарца бр. 20, Скопје-Центар, со ЕМБС 7360886, со ЕДБ 4082019524133, застапувано од Иван Пишманов од Бугарија, со адреса на ул. Неофит Бозвели бр. 7, кат 2-Стан 9 1505, Софија, Управител-Менаџер со ограничени овластувања опишани како во тековна состојба, Дејан Кошутиќ, со адреса на ул. Булевар Партизански Одреди бр. 55/1-11, Скопје-Центар, Управител-Менаџер со ограничени овластувања опишани како во тековна состојба,
   ***од друга страна, како ВТОРА ДОГОВОРНА СТРАНА**, (во понатамошен текст втора договорна страна/ БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје)* и

3. Друштво за производство трговија и услуги **ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје**, со седиште на ул. Дебарца бр. 20, Скопје-Центар, со ЕМБС 7578121, со ЕДБ 4032022552957, застапувано од Иван Пишманов од Бугарија, со адреса на ул. Неофит Бозвели бр. 7, кат 2-Стан 9 1505, Софија, Управител-Менаџер со ограничени овластувања опишани како во тековна состојба, Дејан Кошутиќ, со адреса на ул. Булевар Партизански Одреди бр. 55/1-11, Скопје-Центар, Управител-Менаџер со ограничени овластувања опишани како во тековна состојба,
   ***од друга страна, како ТРЕТА ДОГОВОРНА СТРАНА** (во понатамошен текст трета договорна страна/ ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје).*

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar më:	06.07.2023		
Орг. Единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlera

ВОВЕД

Член 1

Првата договорна страна **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје,** е носител на право кое произлегува од барање за согласност за приклучување на електропреносна мрежа, заведено пред АД "МЕПСО" под број 11/4081, на ден 21.07.2022 година, за објект ФЕЦ БУЧИШТЕ, со локација на објект, регион и место Пробиштип, Општина и адреса Бучиште, катастарска парцела бр. 4 во КО Бучиштеза приклучок на фотонапонска електрична централа 35MW (производител).

Втората договорна страна **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје,** е носител на право кое произлегува од барање за согласност за приклучување на електропреносна мрежа, заведено пред АД "МЕПСО" под број 11/1798, на ден 23.03.2022 година, за објект ФЕЦ ПРОБИШТИП, со локација на објект, регион и место Пробиштип, Општина и адреса Пробиштип, катастарска парцела бр. 4 во КО Бучиште за приклучок на фотонапонска електрична централа 35MW (производител).

Третата договорна страна **ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје** е носител на право кое произлегува од барање за согласност за приклучување на електропреносна мрежа, заведено пред АД "МЕПСО" под број 11/2032, на ден 04.04.2022 година, за објект ФЕЦ ЧАШИЦА, со локација на објект, регион и место Пробиштип, Општина и адреса село Бучиште, катастарска парцела бр. 4 во КО Бучиште, за приклучок на фотонапонска електрична централа, со активна моќност 40 MW (производител).

Член 2

Првата договорна страна СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, има започнато со подготовка на проект за производство на електрична енергија од фотонапонска електрична централа, ФЕЦ Бучиште. Со цел утврдување на можноста за приклучување за СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје на ФЕЦ Бучиште, стручните служби на АД МЕПСО имаат издадено Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Бучиште на преносна мрежа (Анализа) во април 2023 година.

Втората договорна страна **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје,** има започнато со подготовка на проект за производство на електрична енергија од фотонапонска електрична централа, ФЕЦ Пробиштип. Со цел утврдување на можноста за приклучување за **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје** на ФЕЦ Пробиштип, стручните служби на АД МЕПСО имаат издадено Анализа за

приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Пробиштип на преносна мрежа (Анализа) во Август 2022 година.

Третата договорна страна **ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје** има започнато со подготовка на проект за производство на електрична енергија од фотонапонска електрична централа, ФЕЦ Чашица. Со цел утврдување на можноста за приклучување за **ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје** на ФЕЦ Чашица, стручните служби на АД МЕПСО имаат издадено Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Чашица на преносна мрежа (Анализа) во Август 2022 година.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Предмет на овој договор е уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со пренос на право за приклучување на електропреносна мрежа, каде што како Сопственик на сите три Друштва се јавува еден правен ентитет **БИГ ЕНЕРГИА ХОЛДИНГС КФТ**. видно од тековните состојби на друштва прилог кон овој Договор, каде што:

Со потпишување на овој договор втората договорна страна **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје,** своето право кое произлегува од барање за согласност за приклучување на електропреносна мрежа, заведено пред АД "МЕПСО" под број 11/1798, на ден 23.03.2022 година, за објект ФЕЦ ПРОБИШТИП, и кое произлегува од Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Пробиштип на преносна мрежа (Анализа) изработена во Август 2022 година, **го пренесува и отстапува** на првата договорна страна **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје.**

Со потпишување на овој договор третата договорна страна **ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје** своето право кое произлегува од барање за согласност за приклучување на електропреносна мрежа, заведено пред АД "МЕПСО" под број 11/2032, на ден 04.04.2022 година, за објект ФЕЦ ЧАШИЦА, и кое произлегува од Анализа за приклучување на фотонапонска електрична централа ФЕЦ Чашица на преносна мрежа (Анализа) изработена во Август 2022 година, **го пренесува и отстапува** на првата договорна страна **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје.**

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 4

Со преносот и отстапувањето на правото за приклучување на електропреносна мрежа опишано како во член 3, втората договорна страна **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и третата договорна страна ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје,** се обврзуваат на првата договорна страна **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје,** да и ги пренесат сите факти и околности и да ја предадат целокупната проектно – техничка документација, како и другата документација потребна за остварување на правото за приклучување на електропреносна мрежа.

Член 5

Првата договорна страна **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје,** во моментот на склучување на овој договор, ги презема сите права и обврски кои произлегуваат од преносот на правата опишани во член 3 од овој Договор.

Член 6

Првата договорна страна **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје,** со склучување на овој Договор, за преносот и отстапувањето на правото за приклучување на електропреносна мрежа опишано како во член 3 е овластена самостојно и единствено да настапи на местото на втората договорна страна **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје** и на местото на **третата договорна страна ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје,** секаде каде што ќе се јави за потребно за продолжување на постапките за остварување на правото за приклучување на електропреносна мрежа, вклучувајќи но неограничувајќи се пред АД МЕПСО,

Член 7

Врз основа на овој Договор првата договорна страна СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, како носител на право кое произлегува од барање за согласност за приклучување на електропреносна мрежа, заведено пред АД "МЕПСО" под број 11/4081, на ден 21.07.2022 година, и вклучувајќи ги и пренесените права како во член 3 од овој Договор, станува единствен и исклучив носител на проектот со назив ФЕЦ ПРОБИШТИП 1.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

За се тоа што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од ЗОО и други позитивни законски прописи во РСМ.

Член 9

Сите спорови во врска со овој Договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а доколку тоа не се постигне, за нивно решавање ќе биде надлежен судот во Скопје.

Член 10

Овој Договор е склучен во 5 (пет) еднообразни примероци, од кои по еден за секоја договорна страна, а останатите за службена употреба.

Договорот е прочитан од страна на сите Договорни страни, кои изјавуваатдека ги прифаќаат правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој договор во целост одговара на нивните волји, па во знак на прифаќање своерачно го потпишуваат:

ПРВА ДОГОВОРНА СТРАНА
СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје,
преку Управител

Иван Пишманов

ВТОРА ДОГОВОРНА СТРАНА
БАКА ЕНЕРЦИ ДОО Скопје
преку Управители

Иван Пишманов **Дејан Кошутиќ**

ТРЕТА ДОГОВОРНА СТРАНА
ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје
преку Управители

Иван Пишманов **Дејан Кошутиќ**

Јас, НОТАР Анита Адамческа
за подрачјето на Основните судови на градот Скопје.

Потврдувам дека
СКАЈ СОЛАР СКОПЈЕ ДОО, УЛ.ИВАН АГОВСКИ БР.11-1/10, Скопје, ЕМБС: 7597010, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, за ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ БАКА ЕНЕРЏИ ДОО СКОПЈЕ, ул.Дебарца бр.20, Скопје, ЕМБС: 7360886, ,застапникот по закон ИВАН ГЕОРГИЕВ ПИШМАНОВ, СОФИЈА, СОФИЈА, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, за ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ БАКА ЕНЕРЏИ ДОО СКОПЈЕ, ул.Дебарца бр.20, Скопје, ЕМБС: 7360886, ,застапникот по закон ДЕЈАН КОШУТИЌ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ БР. 55/1-11, Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, за ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЧАШИЦА СОЛАР ДООЕЛ СКОПЈЕ, ул. ДЕБАРЦА БР. 20 СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, Скопје, ЕМБС: 7578121, ,застапникот по закон ИВАН ГЕОРГИЕВ ПИШМАНОВ, СОФИЈА, СОФИЈА, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, за ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЧАШИЦА СОЛАР ДООЕЛ СКОПЈЕ, ул. ДЕБАРЦА БР. 20 СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, Скопје, ЕМБС: 7578121, ,застапникот по закон ДЕЈАН КОШУТИЌ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ БР. 55/1-11, Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша писменото,
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: Издадена од МВР Скопје и врз основа на лична карта бр.: 386006571 Издадена од МВР СОФИЈА и врз основа на лична карта бр.: А1595900 Издадена од МВР Скопје и врз основа на лична карта бр.: 386006571 Издадена од МВР СОФИЈА и врз основа на лична карта бр.: А1595900 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 1000 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 2000 денари.

Број УЗП 3295/2023

Во Скопје 06.07.2023

НОТАР

Анита Адамческа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
подрачјето на основните судови на градот Скопје
НОТАР АНИТА АДАМЧЕСКА СКОПЈЕ

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



Урбанистички проект кон елаборат за урбанистички план за изградба на ФЕЦ Пробиштип 1 со ПОМОШНА ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, ЈО Бучинци, ЈО Петрушино, ЈО Стрешо, ЈО Пробиштип општина Пробиштип

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТОН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПОШИРОК ОПФАТ - ДУП за Блок 12.1 - Пробиштип

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТОН ОПФАТ - 110kV далековод ТС Центар - ТС Пробиштип

ПОМОШНИ 110kV ДАЛЕКОВОД

ПОМОШНИ 110kV КАБЕЛ

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА	ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ
ПРИОРИТЕТНИ ПРОСТОРНИ ЕДИНИЦИ	ПОМОШНА ТС
ПРИОРИТЕТНИ ПРОСТОРНИ ЕДИНИЦИ ПОШИРОК ОПФАТ	ПОМОШНИ ВОДОВИ
ПЛАН	ПОМОШНИ ПАТИШТА
ПЛАН ПОШИРОК ОПФАТ	ПОМОШНИ ПАТИШТА ПОШИРОК ОПФАТ
ПОМОШНИ ПАТИШТА	ОДНОС НА ПАРЦИ
ПОМОШНИ ПАТИШТА ПОШИРОК ОПФАТ	
ПОМОШНИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ	
ПОМОШНИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ ПОШИРОК ОПФАТ	
ПОМОШНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ	
ПОМОШНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ПОШИРОК ОПФАТ	
ПОМОШНИ ВОДОТЕЧИ	
ПОМОШНИ ВОДОТЕЧИ ПОШИРОК ОПФАТ	
ПОМОШНИ ПАТИШТА	
ПОМОШНИ ПАТИШТА ПОШИРОК ОПФАТ	

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА	ТЕЛЕСИ Development - Скопје Адреса: ул. „Гоце Делчев" бр. 18, 1000 Скопје Тел: +389 (2) 3217 000, Факс: +389 (2) 3217 001 www.telesi.com.mk, e-mail: info@telesi.com.mk		СОГЛАСНОСТ ЕМО МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРОМРЕЖА СИСТЕМ МАКЕДОНИЈА
ИЗРАБОТИЛ	ТЕЛЕСИ Development - Скопје Раководител на проект: Дипл.инж.арх. Ивица Ристовски		
ИЗРАБОТИЛ	ТЕЛЕСИ Development - Скопје Одговорен проектант: Дипл.инж.арх. Ивица Ристовски		
ИЗРАБОТИЛ	ТЕЛЕСИ Development - Скопје Одговорен соработник: Дипл.инж.арх. Ивица Ристовски		
ИЗРАБОТИЛ	ТЕЛЕСИ Development - Скопје Соработници



Урбанистички проект врз основа на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучинци, КО Петрушино, КО Стрезо, КО Пробиштип општина Пробиштип

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - ДУП за блок 12.1 - Пробиштип

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - 110kV далновод ТС Центар - ТС Пробиштип

СУЩЕСТВЕН 110kV ДАЛНОВОД

СУЩЕСТВЕН 110kV КАБЕЛ

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА
- ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПРИОРИТЕТЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПАТЕН ПРАВЕЦ ПОСТОЕЧЕН
- ПАТ
- ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПАТЕНИ ПРАВЕЦ
- ПОСТОЕЧЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПОСТОЕЧЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПОСТОЕЧЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПАТЕН ПРАВЕЦ
- ПОСТОЕЧЕН



Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петрушино, КО Стрмош, КО Пробиштип општина Пробиштип

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - ДУП за Блок 12.1. - Пробиштип

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - 110kV далновод
ТС Штип - ТС Пробиштип

ПЛАНИРАН 110kV ДАЛНОВОД

ПЛАНИРАН 110kV КАБЕЛ

ЛЕГЕНДА

- асфалт
- влажна земја
- бетонска калдрма
- бетонски правец
- дел
- камен
- сурова
- земјени патишта
- шумски патишта
- електрична далновод
- river
- лирика
- фудбалски
- спортски

- основно училиште
- Бакар
- нафтовод
- гасовод
- ЕВН
- Телекомуникации Македонија
- АД - петрол
- нафтени водови

ТЕКТОН Скопје Архитектура и инженеринг	**ТЕКТОН дооел - Скопје** Лиценца за изработка на техничка документација бр. 0935 издадена од "Инвестор Фарм" ДА 9/12 - Скопје ул.Ленинград бр.1/1-1 1000 Скопје, Македонија e-mail: tekton_skopje@yahoo.com		УПРАВИТЕЛ: Ивица Ристовски Дипл.инж.арх. ДИЗАЈНЕР: Ивица Ристовски Дипл.инж.арх.сертифициран урбанист Пробиштип
ИНВЕСТИТОР	ЕМАК ЕНЕРГИ ДООЕЛ Скопје МАШИНСКИ ГОСПОД ДООЕЛ Скопје ЕВРО ГОСПОД ДООЕЛ Скопје		
НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ	**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петрушино, КО Стрмош, КО Пробиштип општина Пробиштип**		
НАЗИВ НА ЦРТЕЖОТ	**КАРТИРАЊЕ ПОДЕТАЛНИ ПОДЛОГИ СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**		
ОБЈЕКТ: ПП	ФАЗА:	РАЗМЕР: 1:5000	ДАТУМ: Септември 2023	РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ: 0363/23	ЛИСТ: Бр.2.3

1:1000
КО ПЕТРИШИНО
КО БУЧИЩЕ
E1
H=54,00m
E1
H=24,00m
E1
H=47,70m
E1
H=54,00m
E1
H=24,00m
E1
H=54,00m
E1
H=24,00m
E1
H=54,00m
E1
H=24,00

Урбанистички проект врз основа на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV Ѓевѓелија 1 до ТС 110/35/10 kV Прилепчани, КО Бучишта, КО Петрушино, КО Стрмош, КО Пробиштип општина Пробиштип

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ОПШТИНСКИ ОПФАТ - ДИП за Блок 12.1 - Пробиштип
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - 110kV далновод ТС Ѓевѓелија - ТС Пробиштип

ЈП ПЕЛИСТЕР ПРИЛЕПИ	ТЕЛЕКОМ Скопје - Скопје Адреса: ул. „Орце Николов" бр. 163, 1000 Скопје Тел: +389 (2) 3217 000, Факс: +389 (2) 3217 000 www.telekom.mk, e-mail: info@telekom.mk					СОРАБОТНИК:	
КОНТРОЛИРАЛ:	ГЕОДЕТСКИ ИНСТИТУТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГЕОДЕТСКИ ЗАВОД АД СКОПЈЕ					ВИША ВОЕНОСЕЛСКА ГЕОДЕЗИЈА ГЕОДЕТСКИ ЗАВОД АД СКОПЈЕ ЕЛ ПРИЛЕПИ ДООЕЛ ПРИЛЕПИ	
ИЗРАБОТИЛ:	ЕЛ ПРИЛЕПИ ДООЕЛ ПРИЛЕПИ						
ОДГОВОРЕН ИНЖЕНЕР:	ЕЛ ПРИЛЕПИ ДООЕЛ ПРИЛЕПИ						
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:	ЕЛ ПРИЛЕПИ ДООЕЛ ПРИЛЕПИ						
ИЗРАБОТИЛ:	ЕЛ ПРИЛЕПИ ДООЕЛ ПРИЛЕПИ						
ИНВЕСТИТОР:	ТЕЛЕКОМ Скопје - Скопје						
ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОГРАМ:	ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОГРАМ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ТЕЛЕКОМ МРЕЖАТА						
ФАЗА: ГПП	ГЕОДЕТСКИ ПЛАН: 2/2020	ГЕОДЕТСКИ ЗАВОД: 2/2020	ИЗРАБОТЕН ПРОЕКТ: ОКТОМВРИ 2020	ПРОЕКТ БРОЈ: 1/2020	ПРИЛОГ БРОЈ: 1	ЛИСТ БРОЈ: 1	



Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштин 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Буниште, КО Петришино, КО Стрмош, КО Пробиштип општина Пробиштип

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - ДУП за Блок 12.1. - Пробиштип
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - 110kV далновод ТС Штип - ТС Пробиштип

ТЕКТОН	**ТЕКТОН дооел - Скопје** Регистриран во Трговски суд на Република Македонија бр. 5935 подрачје на "Градски Ѕидови" бр.1/12 - Скопје Ул.Ѓорче Петров бр.2/1-1/2 - 1000 Скопје, Македонија e-mail: tekton.skopje@gmail.com	УПРАВИТЕЛ Одговорен архитект Мирко Илијоновски дипл.инж.арх.	
ИНВЕСТИТОР	ЕВРО ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје МАЦЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО ДООЕЛ Скопје	ДИЗАЈНЕР Одговорен дизајнер Ана Ивановска	
НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ	**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштин 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Буниште, КО Петришино, КО Стрмош, КО Пробиштип општина Пробиштип**		
НАЗИВ НА ЦРТЕЖОТ	**ВОВРЕДУ ТУРБИНИ ПРИКАЗ ОД ТЕХНИЧКИ РЕШЕНИЕ ВО УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА/ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**		
ОБЈЕКТ ПП	ФАЗА:	РАБОТЕН БРОЈ: 1/2020	ДАТУМ: Септември 2023	РЕДНИ БРОЈ: ФАЗ/15	ЛИСТ: Бр.1.9

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

2.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Согласно Член 58 став 6 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ 32/2020 и 111/23) Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби за коишто непостојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Пристап до проектниот опфат е од соседни катастарски парцели, јавна површина (некатегоризирани патишта, локални патишта, постојни и планирани улици).

Согласно Член 59 став 6 точка 13 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник бр.32/2020 и 111/23):

(6) Со урбанистички проект од член 58 став 6 на овој закон, се уредуваат поединечни градби, односно група на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за којшто непостојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план како што се:

13. други поединечни градби вон опфат од урбанистички планови

Изборот на траса за 110kV далновод и кабел е планирана преку анализа на рељефни карактеристики, намена на земјиштето, податоци што се добиени од јавни институции и претпријатија за безбедно планирање на вкрстување со нивна инфраструктура.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип ќе се изработи согласно Решението за услови за планирање на просторот издадени (Арх. Бр. УП1-15 1766/2023 од 17.08.2023) од Министерството за животна средина и просторно планирање и Услови за планирање на просторот за поставување на 110 кV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип, кои произлегуваат Просторниот план на РМ – изработени од Агенцијата за планирање на просторот на РМ (тех.бр. Y37023 од август 2023).

Новопланираниот 110 kV вод ТС 20(33)/110 kV ФЕЦ Пробиштип 1–ТС 110/35 kV Пробиштип потребно е да се изгради за поврзување на фотонапонските централи (Бака Енерџи/Чашица Солар/Скај Солар) кој се планирани во близина на градот Пробиштип со електроенергетскиот преносен систем на АД МЕПСО.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип се изработува за приклучување на планираната ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 (за потребите на фотонапонските централи) на ТС 110/35/10 kV Пробиштип за кое е добиена Прелиминарна согласност за приклучување на електрпреносна мрежа од АД МЕПСО.

ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 ќе биде испланирана со друга урбанистичка планска/проектна документација и истата не е предмет на работа на овој УП.

Трасата започнува со 110 kV кабел од ТС 20(33)/110 kV ФЕЦ Пробиштип 1 (која се планира на КП 4 КО Бучиште) и поминува под постоечкиот 110 kV далекувод Штип – Пробиштип (Проект за инфраструткура за изградба на 110kV далекувод ТС Штип - ТС Пробиштип, (потврда за

заверка бр.71-194/4 од 14.02.2019) до столб бр.1. Од столб бр. 1 до столб бр. 27 планиран е 110kV далновод. Од столб бр.27 до далекуводно поле во ТС 110/35 kV Пробиштип е планиран 110kV кабел.

Должина на планиран 110 kV кабелскиот вод од ТС 20(33)/110 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до столбот бр. 1 е 183м. Должина на планиран 110 kV далноводот е 6780м. Должина на планиран 110 kV кабелскиот вод од столб бр.27 до новопланирано 110 kV далекуводно поле во ТС 110/35 kV Пробиштип е 188м. Од 188м кабел 126м се во граница на ДУП за блок 12.1-Пробиштип (одлука бр.07-994/3 од 29.06.2011). Апроксимативна должина на 110kV далноводот и кабелски вод е 7151м (7.15km).

Согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика(Сл. Весник на РМ бр.96/2018), како и член 224 од Мрежните правила за пренос на електрична енетргија (Сл. Весник на РСМ 4/2022) за планираниот 110 kV далновод се планира заштитен појас од 10м лево и десно од оската на далноводот и за планираниот подземен 110kV кабелски вод се планира заштитен појас од 1,5м лево и десно од оската на подземниот кабелски вод во кој не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

За предметниот вод планирани се 27 челично-решеткасти топло поцинкувани столбови за номинален напон од 110kV.

За употребените типови столбови, произведувачот дава типски решенија за изработка на темели. Тие се бетонски, расчленети. Овие типски решенија дадени се во зависност од условите на фундирање и носивост на тлото.

Кабелскиот вод ќе биде составен од еден систем на 110 kV едножилни кабли положени во триаголна формација. Кабелскиот систем ќе биде положен на длабочина од 1,50m. По целата должина на трасата ќе биде поставен оптички кабел во заштитна цевка PEHD 50. Каблите ќе се заштитат од било каков контакт кој може да го оштети надворешниот заштитен слој. Каблите се полагаат во слој од специјална кабелска постелка. За механичка заштита на 110 kV-те кабли и оптичкиот кабел, на одредени делови од трасата каде тоа е потребно, над кабелската постелка се поставуваат армирано-бетонска плочи. Ова е дополнителна заштита која спречува оштетување на енергетските кабли од различни механички влијанија. На длабочина од 60 см од горната површина, по целата должина на трасата, се поставуваат PVC предупредувачки ленти. Потоа земјата се набива во слоеви до врвот.По затрупувањето на ровот потребно е горната површина да се доведе во иста состојба како и пред копањето. По завршувањето на сите работи, трасата на 110 kV-от кабелски вод се означува со маркери – месингани ознаки кои се изгравирани во бетонски блокови.

Планираниот 110 KV далновод и кабел долж планираната трасата се води и пресекува со планиран систем за наводнување, водотек, сообраќајна, електроенергетска, телекомуникациска инфраструктура.

Нумерички показатели на урбани параметри за 27 столбови со намена Е1.8 -инфраструктура за пренос на електрична енергија

Нумерација на површина за градба	Површина под градба (м²)	Вкупно површина по катови (м²)	Катност	Максимална кота на градба (м)	Намена на градба
1	400	400	П	35	Е1.8
2	400	400	П	35	Е1.8
3	400	400	П	35	Е1.8
4	400	400	П	35	Е1.8
5	400	400	П	40	Е1.8
6	400	400	П	35	Е1.8
7	400	400	П	35	Е1.8
8	400	400	П	35	Е1.8
9	400	400	П	35	Е1.8
10	400	400	П	40	Е1.8
11	400	400	П	40	Е1.8
12	400	400	П	40	Е1.8
13	400	400	П	40	Е1.8
14	400	400	П	35	Е1.8
15	400	400	П	35	Е1.8
16	400	400	П	30	Е1.8
17	379	379	П	30	Е1.8
18	400	400	П	35	Е1.8
19	400	400	П	30	Е1.8
20	400	400	П	30	Е1.8
21	400	400	П	35	Е1.8
22	400	400	П	35	Е1.8
23	414	414	П	30	Е1.8
24	483	483	П	35	Е1.8
25	400	400	П	35	Е1.8
26	400	400	П	35	Е1.8
27	387	387	П	35	Е1.8
ВКУПНО (1-27)	**10863**	**10863**	(надземна инфраструктурна градба)		
28	535	(под земја)			Е1.8
29	519	(под земја)			Е1.8
ВКУПНО (28-29)	**1054**	(подземна инфраструктурна градба)			

Урбани параметри на ниво на проектн опфат:

Површина на проектниот опфат	137 051 m²
Површина под градби	10 863 m²
Вкупна површина по катови	10 863 m²
Процент на изграденост	8%
Коефициент на искористеност	0.08
Катност на градби	П

Нумерички показатели на урбани параметри на ниво на проектен опфат на документациона основа и планска документација

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ од Документациона основа и Планска документација			
		Документациона основа	Планска документација
1	ПЛАНСКИ ОПФАТ	137 051м² (100%)	137 051м² (100%)
2	Е1.8 –ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (ЗАШТИТЕН ПОЈАС)		137 051м² (100%)
2.1	Е1.8 -ТС 110/35/10 kV	270м²(0%)	/
3	Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	3350м²(2%)	/
4	Д5.1 – ОТВОРЕНИ ВОДОТЕЦИ	3528м²(3%)	/
5	НЗ – НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	129 903м² (95%)	/
6	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБИ	34м²	10 863 м²
6.1	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБИ - СТОЛБНИ МЕСТА(1-27)	/	10 863m²
6.2	*ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА – КАБЕЛ (под земја)*	/	*1 054 м²*
7	КАТНОСТ	П	П
8	КОТА НА ГРАДБА	2,5м	30/40м
9	ВКУПНО ПОВРШИНА ПО КАТОВИ	34м²	10 863m²
10	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО	0%	8%
11	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО	0.00	0,08

2.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Сообраќајно и нивелациско решение

- ***Сообраќајно решение***

Пристап до проектниот опфат е од јавна површина (некатегоризирани патишта, постојни и планирани улица) и соседни катастарски парцели.

- ***Нивелациско решение***

Се почитува нивелацијата на постојните и планирана сообраќајна инфраструктура (по ДУП).

Паркирање

За планираниот 110kV далновод и кабел не се планира паркирање. За потребите на одржување на далноводот и кабелот се пристапува со моторно возило во зависност од потребата за интервенција и по извршената интервенција возилото ја напушта локацијата.

Сообраќајна инфраструктура

При вкрстување на сообраќајна инфраструктура со електроенергетска инфраструктура треба да се почитуваат следните прописи согласно **Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. весник на Р. Македонија бр. 25/2019)**

Места пристапни за возила

Член 102

За места пристапни за возила (околу населени подрачја, над полиња околу кои има полски патишта, над ливади и ораници, над полски патишта и шумски патишта), сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат:

- Сигурносна височина 6,0м
- Сигурносна оддалеченост 5,0м

2.3 Партерно решение со хортикултура

Согласно со наманата на просторот не се предвидува партерно и хортиклутурно уредување.

2.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

Хидротехничка инфраструктура

- Водоводна мрежа
  Согласно со намената на просторот не се предвидува водоснабдување.
- Фекална канализација
  Согласно со намената на просторот не се предвидува фекална канализација.
- Атмосферска канализација
  Прифаќање и одведување на атмосферските отпадни води во граници на проектниот опфат ќе биде како и пред изградбата на 110 kV далновод и кабел.

Според податоците добиени од ***ЈКП "Никола Карев" Пробиштип (бр. 03-680/2 од 6.09.2023)*** на предметниот опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип немаме и не располагаме со наша инфраструктура.

Според податоците добиени од ***ЈП Хидросистем Злетовица (бр.03-630/15 од 23.08.2023)*** на овој потек има планирано изградба на систем за наводнување од подсистемот Горна зона на 2000 ха обработлива површина во близина на село Неокази со поставување на главен доводен цевковод од дуктилно железо DN 1200 PN 25, над кој се планира да се постави гипко црево во кое ќе се провлече оптички кабел, со плански опфат од по 10метри лево и десно од осовината на цевката.

Согласно Извод од ДУП за блок 12.1 – Пробиштип, 110kV кабел се сече со планирана водоводна, фекална и атмосферска инфраструктура.

При вкрстување на инфраструктура со водоводна, фекална и атмосферска инфраструктура и систем за наводнување со електроенергетска инфраструктура треба да се почитуваат следните прописи:

- Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни, канализациски, атмосферски цевки и цевки наменети за наводнување.
- При паралелно поставување на електрични инсталации и нивни приклучоци минимално растојание со нив е регулирано со „Услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации“ на соодветни комунални организации, но не помалку од 1,00m од крајната ивица на водоводот, фекалната или атмосферската канализација и цевки наменети за наводнување. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува најмалку 0,50m.
- При вкрстувањето, енергетскиот кабел може да биде положен под водоводна, канализационаи, атмосферска цевка и цевки наменети за наводнување на растојание најмалку 1,0m.
- На местата на паралелно водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводна, канализациска и атмосферска цевка и цевки наменети за наводнување, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

При вкрстување на електроенергетки кабел со канал и водотек треба да се почитуваат следните прописи:

- При вкрстување на енергетски кабел со канал и водотек, коридорот на кабелите се поставуваат во пластични цевки, претходно инсталирани со дупчење 1м под дното на каналот или водотекот за да се овозможи замена на кабелот без копање на каналот и водотекот. Вертикалното растојание помеѓу горната ивица на кабловската канализација и дното на каналот, водотекот треба минимум да изнесува 1,0m.
- Површината под градба наменета за столбови за далноводите да се планира 10м од осовината на планираниот систем за наводнување.

<u>Електро-енергетска инфраструктура</u>

Според податоците добиени од ***АД Електрани на Северна Македонија – Скопје*** **(бр. 08-5183/1 од 21.08.2023)** за предметниот плански опфат АД ЕСМ не располага со било какви податоци и информации.

Според податоците добиени од ***АД МЕПСО Скопје*** **(бр.11-3490/1 од 12.06.2023)** проектниот опфат **СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

- Пресек со постојни 110kV далеководи на АД МЕПСО
- Пресек со постојна 110/30/10kV трафостаница на АД МЕПСО.

Од АД МЕПСО (бр. 11-5842/1 од 02.10.2023) добиена е **Прелиминарна согласност за приклучување на ФЕЦ Пробиштип 1** на електрпреносна мрежа со која може да се продолжи постапката за Овластување за изградба на ФЕЦ Пробиштип 1 согласно Законот за енергетика. Постапката за приклучување на електропреносната мрежа продолжува со изработка на Студијата за приклучување на ФЕЦ Пробиштип 1 на електропреносната мрежа по добиеното Овластување за изградба.

Според податоците добиени од ***„Електродистрибуција“ ДООЕЛ Скопје*** **(бр.10-22/4-195 од 13.06.2023)** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

- 110(35)кV Трафостаница
- 10(20)kV Подземна мрежа
- 10(20) kV Надземна мрежа
- 0,4kVПодземна мрежа

Двете вкрстувања на новопланираниот 110 kV вод со среднонапонските надземни водови 20kV далноводи (за с.Петршино) во распонот помеѓу планираните столбовите бр. 8 и 9 и 20kV далновод (за с.Стрмош)во распонот помеѓу планираните столбовите бр. 17-18 се планирани да се овозможи безбедна градба со заштитни коридори на водовите, нивно вкрстување со електроенергетска и друга инфраструктура во согласност со Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. весник на Р. Македонија бр. 25/2019 од 01.02.2019год.), Законот за енергетика (Сл. Весник бр.96/2018), Мрежните правила за пренос на електрична енетргија (Сл. Весник на РСМ 4/2022) и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Сл.весник на РМ бр. 191/19).

Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. весник на Р. Македонија бр. 25/2019)

Член 102

За места пристапни за возила (околу населени подрачја, над полиња околу кои има полски патишта, над ливади и ораници, над полски патишта и шумски патишта), сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат:

- Сигурносна височина 6,0м
- Сигурносна оддалеченост 5,0м

Член 153
Сигурносната височина на водот изнесува 2,5м, а сигурносната одалеченост 1,0м
Условите од став 1 на овој член треба да бидат исполнети и во случај кога на горниот вод има додатно оптеретување, а на долниот вод нема.
Одредбата од став 2 од овој член се однесува и на проверување на максималниот отклон на спроводникот на долниот вод.
Вод со повисок напон се поставува над вод со понизок напон.
Горниот вод мора да се изгради со електрично засилена изолација.

Законот за енергетика (Сл. Весник бр.96/2018)
Член 203
(1) Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засдување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
(2) По исклучок од став (1) на овој член, ако изведувањето на работите е неопходно за остварување на јавен интерес, вршителот на енергетската дејност по барање на изведувачот на работите, е должен да даде писмена согласност за изведување на работите во рок од 15дена од денот на поднесувањето на барањето, во која ги определува и потребните заштитни мерки за објектите, уредите и постројките.
(3) Преземање на заштитните мерки определени во согласност од ставот(2) на овој член е на трошок на изведувачот на работите.

Член 204
(1) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи за одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.
(2) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок на штета настаната со работите од ставот (1) на овој член

Мрежните правила за пренос на електрична енетргија (Сл. Весник на РСМ 4/2022)
Заштитен појас
Член 224
(1) Површината и просторот, под, над и покрај постоечките електропреносни електроенергетски објекти, неопходен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи, односно да се гради без согласност на МЕПСО, преставува заштитен појас на електропреносниот електроенергетски објект
(2) Ширина на заштитен појас изнесува:
- 10м од оската на надземен вод со номинален напон од 110 kV.
- 1.5м од оската на подземен кабел со номинален напон од 110 kV

(4) Во случај на градба како и изведување на други работи внатре во заштитниот појас, корисникот/сопственикот, овластено правно лице или јавна институција, неопходно е да поднесе барање до МЕПСО за издавање на заштитни мерки, однодно МЕПСО да издаде писмена согласност соодветно на поднесеното барање.
(5) Со барање за издавање на согласност, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитниот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната проектна документација врз основа на која го планира изведувањето на работите, извод од урбанистички план и/или имотен лист за имотот.

(6) МЕПСО е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.
(7) заштитни мерки за изведување на работи во заштитен појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и и интерните технички акти на МЕПСО, кои ги уредуваат техничките услови за изградба, погон и одржување на мрежата
(8) Изведувачот на работите е должен навремено да го извести МЕПСО за точно време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови, односно согласноста на МЕПСО.
(9) Активности во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните заштитни мерки односно издадената согласност за изведувањето на работите.
(10) МЕПСО има право во заштитниот појас да превземе дополнителни мерки и активности за одржување, сечење на вегетација и други слични активности, во случај ако оцени дека истите се потребни за безбедно функционирање на електропреносниот систем, заштита од пожар, заштита на природата и сл.

Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија
(Сл.весник на РМ бр. 191/19)

Заштитен појас

Член 137

Изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти
ОДС утврдува посебни услови при изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти (под, над и покрај), согласно Законот за енергетика, други важечки прописи, правилници и со овие Мрежни правила.

Со посебни услови од став (1) на овој член се утврдува оддалеченост и/или висина, односно растојание од електроенерегетскиот објект, техничките и проектираните решенија, заштитни мерки и активности, со цел спречување на несакани влијанија, земајќи ги во предвид посебните прописи во врска со:
1) заштита при работа,
2) заштита од пожар,
3) заштита на животната средина и природата,
4) спречување на влијание на електроенергетските објекти на постројки и инсталации на корисниците на мрежата, делови од комуналната и друга јавна инфраструктура, како и обратно.

Член 138

Заштитен појас

Површината и просторот, под, над и покрај дистрибутивните електроенергетски објекти, потребен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи односно да се гради без согласност на ОДС претставува заштитен појас на дистрибутивните електроенергетски објекти.
Ширина на заштитениот појас изнесува:
1) 20 метри од оската на изводот, за надземен вод со номинален напон 110 kV
2) 15 метри од оската на изводот, за надземен вод со номинален напон од 35 kV
3) 10 метри од оската на изводот, за надземен вод со номинален напон од 1 kV до 20 kV
4) 6 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон 110 kV
5) 3 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напод од 35 kV

6) 1 метар од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон од 1 kV до 20 kV
7) 15 метри од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 110 kV и 35 kV
8) 2 метри, за трансформаторска станица и раводна постојка со номинален напон од 1 kV до 20kV, освен трансформаторски станици и разводни постројки чија опрема е вградена во посебни простории на зграда.
За кабелски подземни водови, ширината на заштитениот појас, се однесува и на работи кои се изведуваат под површината на земјата.
Во случај на градба на објект, односно постројка и инсталации на корисник на дистрибутивната мрежа, како и изведување на други работи внатре во заштитениот појас, неопходно е корисникот да поднесе барање до ОДС за издавање на посебни услови, односно ОДС да издаде писмена согласност, со цел обезбедување на безбедност на електроенергетскиот објект, градбата, имотот, луѓето и животните.
Со барањето за издавање на посебни услови, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната документација врз основа на која го планира изведувањето на овие работи.
ОДС е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член, да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.
Условите за изведување на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на ОДС, кои ги уредуваат техничките услови на изградба, погон и одржување на мрежата.
Изведувачот на работите е должен навремено да го извести ОДС за точното време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови односно согласноста на ОДС.
Зафати во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните посебни услови односно издадената согласност за изведување на работите.

<u>Телекомуникациска инфраструкрура</u>

Постојна телекомуникациска инфраструктура се сече со новопланираниот 110kV кабел.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за условите за планирање на просторот која е наменета за поставување на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до**

[2] МАНУ Скопје, 1996 г.

ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип, Општина Пробиштип се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, дел од трасата за поставување на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип, Општина Пробиштип се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.**
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV

Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ИЗВОД ОД ДУП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Број: 10- 48/1 од 06.07.2023 год.
Одделение за урбанизам
ПРОБИШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ :

ДУП:
ЗА БЛОК 12.1 за период 2009-2014 год. донесен со Одлука бр.: 07-994/3 ОД 29.06.2011 год. ("Сл. Гласник" бр.31/2011 год.)
Намена на градба :
Со ДУП за Блок 12.1 предвидена класа на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси Г2 – незагадувачка индустрија Г3 – сервиси,Г4 -стовариште,Б комерцијални и деловни намени Б1 мали комерцијални и деловни намени Д зеленило и рекреација Д1-парковско зеленило,Д2- заштитно зеленило и Д3 –спорт и рекреација, Е инфраструктура Е1 –комунална инфраструктура.

ул."Миро Барага"
К.О. Пробиштип

ИЗВОД за ДУП за Блок 12 , Урбан Опфат 12.1, КО Пробиштип
СОДРЖИ :
1.ГРАФИЧКИ ДЕЛ :



ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ЦЕЛИОТ ОПФАТ-ПОСТОЈНА СОСТОЈБА



Графички приказ за Блок 12 урбан опфат 12.1 (поделба на ГУП Пробиштип и урбани опфати)



ИЗВОД од ДУП за БЛОК 12 урбан опфат 12.1, КО Пробиштип

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

Ред број	Нумерац. на парцела	Класа и компатиб. намени	Намена	Површина на парцела	Површина на објект	Вкупно изградена површина	Максимална височина до венец - м1	Височина во етажи	Тип на објект	Потреб. паркинг места	вид на начин на паркир.	Процент на изграденост %	Коефициент на изграденост
1	П.121.1	Б1.	комерцијални	2615	696	1392	7,0 м	п+1.	самостоен	44	во парцела	27	0,5
2	П.121.2	Е2.	електродистр.	11196	1189	постоен		п ; п+1	самостоен	постоен		постоен	постоен
3	П.121.3	В4.	институции	1149	277	постоен		п ; п+2	самостоен	постоен		постоен	постоен
4	П.121.4	В4.	институции	2104	397	постоен		п+1.	самостоен	постоен		постоен	постоен
5	П.121.5	Б1.	комерцијални	868	388	776	7,0м	п+1.	самостоен	24	во парцела	45	0,9
6	П.121.6	Б1.	комерцијални	986	361	722	7,0м	п+1.	самостоен	23	во парцела	37	0,7
7	П.121.7	Г2.	лесна индустр.	1238	600	600	6,0м	п.	самостоен	10	во парцела	48	0,5
8	П.121.8	Г2.	лесна индустр.	1150	594	594	6,0м	п.	самостоен	10	во парцела	52	0,5
9	П.121.9	Г2.	лесна индустр.	1186	636	636	6,0м	п.	самостоен	10	во парцела	54	0,5
10	П.121.10	Г2.	лесна индустр.	1019	439	439	7,0м	п.	самостоен	7	во парцела	43	0,4
11	П.121.11	Г3.	сервиси	3402	1881	1881	6,0м	п.	самостоен	19	во парцела	55	0,6
12	П.121.12	Г2.	лесна индустр.	1873	521	521	6,0м	п.	самостоен	8	во парцела	28	0,3
13	П.121.13	Г2.	лесна индустр.	5120	2956	2956	6,0м	п.	самостоен	29	во парцела	58	0,6
14	П.121.14	Д3.	спорт и рекре.	3128	1723	1723	6,0м	п.	самостоен	30	во паркинг	55	0,6
15	П.121.15	Д1.	паркови и зел.	2742								0	0,0
16	П.121.16	Д1.	паркови и зел.	7044								0	0,0
17	П.121.17	Д3.	спорт и рекре.	6644	4091	4091	6.0м	п.	самостоен	40	во паркинг	0	0,6
18	П.121.18	Д3.	спорт и рекре.	10161	8055	8055	6.0м	п.	самостоен	50	во паркинг	0	0,8
19	П.121.19	Д3.	спорт и рекре.	8967	4028	4028	6.0м	п.	самостоен	30	во паркинг	45	0,4
20	П.121.20	Г2.	лесна индустр.	1270	225	225	6.0м	п.	самостоен	4	во парцела	18	0,2
21	П.121.20.а	Е2.	теафостаница	104	16	16	4,0м	п.	самостоен			15	0,2
22	П.121.21	Г2.	лесна индустр.	1515	448	448	6.0м	п.	самостоен	7	во парцела	30	0,3
23	П.121.22.а	Е2.	теафостаница	32	16	16	4,0м	п.	самостоен			50	0,5
24	П.121.23	Г2.	лесна индустр.	3786	2345	2345	6,0м	п.	самостоен	23	во парцела	62	0,6
25	П.121.24	Г2.	лесна индустр.	1413	545	545	6,0м	п.	самостоен	9	во парцела	39	0,4
26	П.121.25	Г2.	лесна индустр.	1466	672	672	6,0м	п.	самостоен	11	во парцела	46	0,5
27	П.121.26	Г2.	лесна индустр.	1563	520	520	6,0м	п.	самостоен	8	во парцела	33	0,3
28	П.121.27	Г2.	лесна индустр.	1433	468	468	6,0м	п.	самостоен	8	во парцела	33	0,3
29	П.121.28	Г2.	лесна индустр.	2533	599	599	6,0м	п.	самостоен	10	во парцела	24	0,2
30	П.121.29	Г2.	лесна индустр.	8154	5286	5286	6,0м	п.	самостоен	52	во парцела	65	0,6
31	П.121.30	Г2.	лесна индустр.	975	377	377	6,0м	п.	во низ	6	во парцела	39	0,4
32	П.121.31	Г2.	лесна индустр.	527	322	322	6,0м	п.	во низ	5	во парцела	61	0,6
33	П.121.32	Г2.	лесна индустр.	2742	1308	1308	6,0м	п.	во низ	13	во парцела	48	0,5
34	П.121.33	Г2.	лесна индустр.	3135	2288	2288	6,0м	п.	во низ	23	во парцела	73	0,7
35	П.121.34	Г2.	лесна индустр.	1521	679	679	6,0м	п.	самостоен	11	во парцела	45	0,4
36	П.121.35	Г2.	лесна индустр.	1307	560	560	6,0м	п.	самостоен	9	во парцела	43	0,4
37	П.121.36	Г2.	лесна индустр.	1785	1034	1034	6,0м	п.	самостоен	17	во парцела	58	0,6
38	П.121.37	Г2.	лесна индустр.	2429	560	560	6,0м	п.	самостоен	9	во парцела	23	0,2
39	П.121.38	Б1.	комерцијални	3034	1010	2020	7,0м	п+1.	самостоен	64	во парцела	33	0,7
40	П.121.39	Г2.	лесна индустр.	2658	576	576	6,0м	п.	самостоен	9	во парцела	22	0,2
41	П.121.40	Г2.	лесна индустр.	1726	576	576	6,0м	п.	самостоен	9	во парцела	33	0,3
42	П.121.41	Г2.	лесна индустр.	1489	629	629	6,0м	п.	самостоен	10	во парцела	42	0,4
43	П.121.42	Г2.	лесна индустр.	459	126	126	6,0м	п.	самостоен	2	во парцела	27	0,3
44	П.121.43	Д2.	зашт. зеленило	11073								0	0,0
45	П.121.44	Д2.	зашт. зеленило	16370								0	0,0
46	П.121.45	Д4.	црква	91	21	постоен		п.	самостоен	постоен		постоен	постоен

ЛЕГЕНДА ОД ДУП ЗА БЛОК 12.1



ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ :

Со ДУП за Блок 12.1 предвидена класа на намена Г производство,дистрибуција и сервиси Г2 – незагадувачка индустрија, Г3 –сервиси, Г4 -стовариште, Б комерцијални и деловни намени, Б1 мали комерцијални и деловни намени, Д зеленило и рекреација, Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило и Д3 –спорт и рекреација, Е инфраструктура, Е1 – комунална инфраструктура.

Планскиот опфат се наоѓа во ТРЕТА градежна зона на град Пробиштип ,согласно Одлуката Бр.07-331/4 од 30.03.2007 год.("Сл.гласник" бр.21.2007 год.)

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Растојанијата помеѓу површината за градење и страните на градежната парцела да се во согласност со член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.78/06,140/07 и 12/09)
При спроведувањето на овој ДУП ,дозволени се пречекорување на градежната линија со издадени елементи од архитектонската пластика на градбите ,а во согласност со член 36 од Правилникот за стандарди инормативи за просторно и урбанистичко планирање ("Сл весник на РМ" бр.78/06,140/07 и 12/09).

ИНФРАСТРУКТУРА

Е1- Комунална инфраструктура

Планирана водоводна мрежа

За потребите на водоснабдување на градот се користи бунарскиот систем "Ратавица".Во услови на постоење на браната "Кнежево" при реализација на хидросистемот решението за доведување на санитарна вода на Пробиштип се вклопува во системот, при што од акумулацијата ќе се испуштаат потребните регулирани води.Водоводниот систем е составен од резервоар со запремнина V=600м3.

За приклучок на градскиот водоснабдителен систем ќе послужи предвидениот цевковод 100мм по магистралната улица "1".

Планирана фекална канализација

-планираната фекална канализација Ф 300

За определување на капацитетот на мрежата за индустрија количината на отпадни води се проценува на 50% од средно дневната потрошувачка на вода и истата изнесува Вкупна количина на отпадни води Qмах/инд = 16 л/сек

Доколку некои индустриски капацитети испуштаат отпадни води од технолошкиот процес кои содржат материи што ќе оневозможат нормалното функционирање на мрежата, потребно е да бидат подложени на предходен третман во фабричкиот круг пред да се испуштат во градската канализација.

Планирана атмосферска канализација

Атмосферските води во зоната за стопанство се сопствени и надворешни. Сопствени се оние кои се јавуваат во границите на планскиот опфат, додека надворешни води се јавуваат надвор од границата на планскиот опфат. По магистрална улица "Миро Барага" и по индустриските улици се предвидува атмосферска канализација

Електроенергетика

Од аспект на електро-енергетика со ДУП за УБ 12.1 Пробиштип, за зоната предвидена за лесна индустрија превидено е напојувањето да се врши од постојните трафостаници и новопредвидена трафостаница, ТС 10/04 КВ.

Уличното осветление се изведува со нови канделабри и метални столбови поврзани со трафостаницата со подземен кабел.

ТЕЛЕФОНИЈА

Телекомуникационата мрежа е предвидена да обезбеди телефонски приклучок за секој објект и истото треба да го реши Телеком - подрачна единица Пробиштип. Предвидуваме да се инсталира довод од 120 парици. Воведувањето на оптички кабли во месната телефонска мрежа и на соодветните оптички системи ќе овозможи воведување на т.н. широкопојасни претплатнички услуги во наредниот период

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

СООБРАЌАЈ



Концептот на планираната сообраќајна мрежа во рамките на планскиот опфат за блок 12.1. во Пробиштип е дефиниран Согласно Генералниот Урбанистички план. Во предметниот плански опфат улиците се категоризирани на следниов начин:



Пристап до секоја поединечна парцела е обезбеден од индустриски улици. Од магистралната улица не е дозволен пристап до парцелите , а врската со улици од пониски рангови, е во ниво на крстосници.

Паркирањето на возилата ке се одвива во сопствени парцели ,а во планскиот опфат се предвидени во сопствени дворни места и ќе се дефинираат со идеен проект, или на јавни површини наменети за паркирање представени во планот.

Категоризацијата ,радиусите и профилите на улиците се превземени од Сообраќајниот план, составен дел на Генералниот Урбанистички План за блок12.1. во Пробиштип.

На основната улична мрежа превземена од ГУП-от, која ја сочинуваат магистралната улица Миро Барага, и индустриската улица се надоврзува мрежа од други индустриски улици кои се предвидени да ги опслужат поединечните објекти во опфатот а се надоврзуваат на магистралната улица Миро Барага, која пак е поврзана со останатата сообраќајна структура на Пробиштип.

Пристап до секоја поединечна парцела е обезбеден од индустриски улици. Од магистралната улица не е дозволен пристап до парцелите , а врската со улици од пониски рангови, е во ниво на крстосници.

Паркирањето на возилата ке се одвива во сопствени парцели ,а во планскиот опфат се предвидени во сопствени дворни места и ќе се дефинираат со идеен проект; или на јавни површини наменети за паркирање представени во планот.

За дуќани и продавници се планира по едно паркинг место на 40м2 изградена површина, за објекти за лесна индустрија по едно паркинг место на 100 $м^2$ изградена површина ако објектот е голем над 1200 $м^2$ или едно паркинг место на 60 $м^2$ ако објектот е голем до 1200 $м^2$.

За секој посетител на спортските терени е применет нормативот од 0,7 $м^2$. Се предвидува паркирањето да се одвива на јавен паркинг при што се смета дека нема да се одвиваат спортски активности со публика на сите терени во исто време. Капацитетот на јавниот паркинг е 153 паркинг места.

Секое паркинг место е со димензија од 2,8м широчина и 5,6м должина. Просторот за манипулација помеѓу паркинг местата е најмалку 7 метри широк. Паркирањето е предвидено да е под 90 степени. Сите други градежни елементи кои можат да бидат во склоп на паркиралиштата да се вон овие димензии.

Нивелациски план

Подолжниот пад на булевар "Миро Барага" е 0.7% од раскрсницата со улицата "А" на север од опфатот од кота 539.76 до кота 534.6 на југ од опфатот на крстосница со улица "Б, на должина од 755м.

Подолжниот пад на ул "А" е 4.0% од раскрсницата со булевар "Миро Барага" од кота 539.76 до јужниот дел на опфатот со кота 508.6 во, на должина од 773м.

Подолжниот пад на улица "Б" е 0.4% од раскрсницата со булевар "Миро Барага" до раскрсницата со ул "В" од кота 534.6 на југоистрок до кота 533.56 на југозапад, на должина од 236.6м.

Подолжниот пад на ул. "В" е 0,7% од раскрсницата со улицата "А" до раскрсница со ул. "Е", на должина од 297м.

Подолжниот пад на ул. "В" е 0,3% од раскрсницата со улицата "Е" до раскрсница со ул. "Д", на должина од 83,7м.

Подолжниот пад на ул. "В" е 0,46% од раскрсницата со улицата "Д" до раскрсница со ул. "Б", на должина од 291,24м.

Подолжниот пад на ул. "Г" е 0.7% од раскрсницата со улицата "Е" , "Ж" и "З" од кота 537.15 до раскрсница со ул. "Д" со кота 536.1, на должина од 140.87м.

Подолжниот пад на ул. "Г" е 0.6% од раскрсницата со улицата "Д" од кота 536.1 до раскрсница со ул. "Б" со кота 534.3, на должина од 315.6м.

Подолжниот пад на ул. "Е" е 1.0% од раскрсницата со улицата "Г" , "Ж" и "З" до раскрсница со ул. "В", на должина од 192.73м.

Подолжниот пад на ул. "Д" е 0,7% од раскрсницата со улицата "Г" до раскрсница со ул. "Б", на должина од 175.1м.

Попречниот пад на улиците се предвидува да биде 2%

ЗЕЛЕНИЛО

Во рамки на опфатот се предвидуваат три вида на зеленило и тоа: Д1- парковско зеленило, Д2- заштитно зеленило и Д3- спорт и рекреација.

На слободните површини покрај улиците и раскрсниците на места каде што се појавува земјиште во сопственост на Р.Македонија кое неможе да се уреди на друг начин, се предвидуваат површини со намена “зеленило”. Зелени површини се предвидени и во самите градежни парцели на просторот каде не се предвидени површини за градба, а кои површини ќе се уредат според потребите на инвеститорите.

Изготвил: Д. Зафиров Makedonski Telekom CA, Despina Janevska Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Despina Janevska Date: 2023.03.24 09:51:41 +01'00'

Контролирал : Б.Станојковски дги Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2023.04.04 12:02:51 +02'00'

М.П

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Драган Анастасов

Dragan Anastasov Digitally signed by Dragan Anastasov DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4022005104678, o=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, givenName=Dragan, sn=Anastasov, serialNumber=CRT3610937, cn=Dragan Anastasov Date: 2023.04.25 08:14:12 +02'00'

ПОТВРДА ЗА ЗАВЕРКА НА ПИ 110kV ДАЛНОВОД АД МЕПСО

14.02.2019 год.
Бр. 71-194/4

П О Т В Р Д А З А З А В Е Р К А

Се потврдува заверка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kV далекувод ТС Штип - ТС Пробиштип, општина Штип, општина Пробиштип и општина Карбинци, со тех.бр. 0701-446 од декември 2018 година,

(се наведува видот на документација и техничкиот број)

изработен од Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги „КВАДАР“ доо Скопје.

(се наведува изработувачот на документацијата)

Проектот за инфраструктура за линиски инфраструктурни градби кои спаѓаат во прва категорија на градби е доставена преку информацискиот систем е-урбанизам

(се наведува видот на документацијата)

со барање бр. 71-13090/1 од 25.12.2018 година.

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

МИНИСТЕР
ГОРАН СУГАРЕСКИ

Goran Sugareski

Digitally signed by Goran Sugareski
Date: 2019.02.14 16:14:25 +01'00'

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ
ХИДРОСИСТЕМ "ЗЛЕТОВИЦА" - ПРОБИШТИП

ул. "Цветко Тонев " број 3А - Пробиштип, 2210
телефон: ++ 389 (32) 481-520
е-пошта: contact@hszletovica.com.mk
web: www.hszletovica.com.mk
ЕМБС: 5532515

Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 03-630/15
23.08 2023 год.

До
ТЕКТОН ДООЕЛ- Скопје
Ул. Народен фронт бр.5/12
Скопје

Предмет: Достава на податоци и информации по барање бр. 0302-434/1 од 30.05.2023 година

Почитувани,

Ве известуваме дека ЈП ХС Злетовица – Пробиштип на овој потек има планирано изградба на систем за наводнување од подсистемот Горна зона на 2000 ха обработлива површина во близина на село Неокази со поставување на главен доводен цевковод од дуктилно железо DN 1200 PN 25, над кој се планира да се постави и гипко црево во кое ќе се провлече оптички кабел, со плански опфат од по 10 метри лево и десно од осовината на цевката, во делот каде што е наведено во Вашето барање за **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА 110kV ДАЛНОВОД И КАБЕЛ ОД ТС 110/20 kV ФЕЦ БУЧИШТЕ ДО ТС 110/35/10 kV ПРОБИШТИП, КО ПРОБИШТИП-ОПШТИНА ПРОБИШТИП.**

Во понатамошната постапка за изработка на Урбанистчкиот план да ги земете во предвид и нашите идни подзмени инсталации, кои ќе ви бидат доставени во прилог на Одговорот.

Прилог:

- Подлога со преклоп на урбанистичкиот проект со цевководот за наводнување на Горна зона во општина Пробиштип (dwg и pdf фомат)

Подготвил
Елена А.Досевска
раководител на одд. на брана со придружни објекти

Пробиштип
23.08.2023 година

ЈП ХС Злетовица
в.д. Директор
Љупчо Благоевски

Јавно претпријатие за извршување на водостопанските дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Бр: 08-5185/1
Скопје, 21-08-2023

До: **ТЕКТОН ДООЕЛ-Скопје, увоз–извоз, Куманово**
ул. Народен фронт бр. 5/12
1000 Скопје

Предмет: Известување за Барање на податоци и информации за постојни и планирани инсталациски водови и објекти сопственост на АД ЕСМ

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.0302/434/1 од 30.05.2023година, доставен по електронски пат (број на постапка 52771 во Е-урбанизам), а во врска со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 KV далновод и кабел од ТС 110/20 KV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 KV Пробиштип, КО Пробиштип-општина Пробиштип, Ве известуваме дека за предметниот плански опфат АД ЕСМ не располага со било какви податоци и информации.

Со почит,

Изработил: Маја Ангеловска, Марија Димовска, Тања Спировска
Одобрил: Звонко Кушоски, Влатко Павлески

ПОМОШНИК ДИРЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ
Елена Т.Богдановски

Ко:
- Архива
- Сектор за развој и инвестиции

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

ТЕКТОН

ул. Народен фронт бр. 5/12

Скопје

Бр.11-3490/1

12.06.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.0302/434/1 од 30.05.2023 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 31.05.2023 година со број на постапка 52771, (наш број 11-3490 од 01.06.2023 година) за податоци и информации за изработување и одобрување на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на 110kV далекувод и кабел од ТС 110/20kV ФЕЦ Бучиште до 110/30/10kV Пробиштип во Општина Пробиштип, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

1. Пресек со постојни 110kV далекуводи на АД МЕПСО
2. Пресек со постојна 110/30/10kV трафостаница на АД МЕПСО

Во прилог Ви доставуваме подлога во dwg формат прикачена на системот е-урбанизам.

Напомена: Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2 точка 1 и член 43 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. весник на РМ бр.96/2018), како и член 224 од Мрежните правила за пренос на електрична енергија (Сл.весник на РСМ 4/2022).

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка.

Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2023.06.13 11:24:32 +02'00'

По овластување од Генерален директор
бр. 02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-22/4 – 195 **од** 13.06.2023 год
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски

Контакт телефон: +389 72 933 219

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 0302/434/1 од 30.05.2023 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип-општина Пробиштип,Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☒ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.
Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Marko Birachoski
Digitally signed by Marko Birachoski
Date: 2023.06.14 15:32:45 +02'00'

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 52771
Дата: 05.06.2023

До
Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг
ТЕКТОН ДООЕЛ - Скопје
Ул.Народен Фронт бр.5/12, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип-општина Пробиштип, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Изработувачот на проектот да го усогласи начинот на Поставувањето на високо напонски енергетски кабли во близина на телекомуникациски водови за истото да биде изведено согласно одредбите дадени во ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГРАДБА НА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА , СЛ. Весник бр. 106/2014, Член 21.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2023.06.05 15:34:43 +02'00'

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3117 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 15-2595/2
01.06 20 23 год. viti.
Скопје-Shkup

До: **Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска**: Барање за податоци и информации,** ваш бр.0302/434/1 од 30.05.2023 година

Согласно вашето Барање за податоци и информации, ваш бр. 0302/434/1 од 30.05.2023 година, за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип-општина Пробиштип.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Сашо Јовчески, 52771

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Бр/Nr. 10-7885/2

Скопје/Shkup_____година/viti
22 -08- 2023

ДО ТЕКТОН дооел
ул. Народен фронт бр. 5/12
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302/434/1 од 30.05.2023год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10kV Пробиштип, КО Пробиштип - општина Пробиштип, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-7885/1 од 17.08.2023 година:

- Ажурирана геодетска подлога со проектен опфат и
- Прегледна карта со проектен опфат.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека покрај трасата на предметниот проектен опфат не поминува и истата не се вкрстува со држевен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë se Veriut-Shkup
БР./Nr. 2001-2516/2
14-06-2023 20____ год./vit
Skopje-Shkup

До **ТЕКТОН ДООЕЛ - Скопје**
Ул. "Народен фронт" бр.5/12, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

Предмет: Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис бр. 0302/434/1 од 30.05.2023 год. и број на постапка 52771 од е-урбанизам со кое барате да Ви доставиме податоци и информации за изработка на **"Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип - Општина Пробиштип."**,ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје, Ве информира следново:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга.

Со почит,

Помошник Директор за пруги

Driton Rusi

Изработил: Ксенија Камческа

Проверил: Ѓорѓи Пушев

Согласен: Весна Стеваноска

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје**

бр. 12-8/778

Скопје, 06.06.2023 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0302/434/1 од 30.05.2023 година
e-urbanizam, постапка бр. 52771

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип-општина Пробиштип

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-27/2 од 10.01.2023 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, oid=VAT, 4080010516772, 2.5.4.97=NTRMK 6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=168951, title=vozduhoploven inspektor, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2023.06.06 15:16:15 +02'00'

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Сектор за оперативa и логистика
Подрачно одделение за заштита и спасување Пробиштип

05 Јуни 2023 година

Архивски број: 09- 78/2

ДО: ТЕКТОН ДООЕЛ - Скопје

Предмет: Податоци,информации и услови, доставува,-
Врска: Ваш акт бр. 0302/434/1 од 30.05.2023 год

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение за заштита и спасување Пробиштип , по Ваше барање Ви доставува податоци,информации и услови за заштита и спасување кои треба да се разработат и вградат при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип- општина Пробиштип.**

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачно одделение за заштита и спасување Пробиштип не располага со податоци , ниту има сознанија за постоечка или планирана инфраструтура за сопствени потреби на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип- општина Пробиштип.**

Исто така на планскиот опфат во изминатиот период немаме пронајдено или пријавено заостанати НУС и МЕС.

Воедно Подрачното одделение за заштита и спасување ви доставува и претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување-пречистен текст („Сл.Весник на РМ, бр.93/12) ,Проценката на загрозеност на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план,Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите,во проектите и при изградба на објектите,како и учество во технички прием(„Сл.весник на РМ,бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област , треба да се вградат при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип- општина Пробиштип.**

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за оперативa и логистика
Подрачно одделение Пробиштип
ул. „Јаким Стојковски„ број 1
2210 Пробиштип
Република Северна Македонија
+389 32 483-049
www.dzs.gov.mk
Probistip@dzs.gov.mk

Во делот на **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, детално** да се опфатат следните мерки:

- **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ**

При изградба на Основниот проект за објектите кои се предвидуваат да бидат изградени, да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ„ бр.93/12-пречистен текст), Законот за пожарникарство („Сл.весник на РМ„ бр.67/04) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Инсталациите, уредите и постројките да се изведат на начин да не претставуваат опасност за појава на пожари и експлозии.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РМ број 231/20), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – **елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење**.

Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува за изградба на **Урбанистички проект**, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Наведените мерки треба да се вградат при изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Пробиштип- општина Пробиштип.**

Изработил/Согласен/Одобрил: М.Тодева с.р.

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА
ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРОБИШТИП
По овластување бр. 02-2351/1
Менче Тодева

Menche Todeva

Digitally signed by Menche Todeva
Date: 2023.06.05 14:10:24 +02'00'

Доставено до:

- **Насловот**
- **Архива**

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за оперативна и логистика
Подрачно одделение Пробиштип

ул. „Јаким Стојковски„ број 1
2210 Пробиштип
Република Северна Македонија

+389 32 483-049
www.dzs.gov.mk
Probistip@dzs.gov.mk

А1

КОПИЈА

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-1914/2
05.07.2023 година
Скопје

ДО
ТЕКТОН ДООЕЛ
ул.„Народен фронт" бр.5/12
1000 Скопје

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр. 0302/434/1 од 30.05.2023 година.

Во врска со Вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на **урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10kV Пробиштип, КО Пробиштип, општина Пробиштип,** Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во близина на подрачјето на предметниот проектен опфат се наоѓа евидентирано недвижно културно добро – археолошкиот локалитет Чашица (средновековна некропол) со ЕМБ 4-821-002/17 ЕНД, просторот упатува за постоење на елементи на археолошко наследство.

Поради тоа Ве упатуваме да контактирате со **НУ Национален конзерваторски центар Скопје** како надлежна установа да извршат увид во границите на предметниот плански опфат и да се произнесат со стручно мислење.

Потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) е потребно да се вградат во планската документација.

Со почит,

в.д.Директор,
м-р Зоран Павлов

Изработил: А. Петковска
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Scanned with CamScanner

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 08-309/3
31.08 2023 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

ИЗВЕШТАЈ

од извршен увид во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до 110/35/10 kV Пробиштип, Општина Пробиштип

Скопје, август 2023 година

Врз основа на Барање податоци и информации од страна на ТЕКТОН ДООЕЛ, со бр. 0302/434/4 од 18.08.2023 година, за постоење на културно наследство во границите на проектниот опфат за изработка на проектна документација за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до 110/35/10 kV Пробиштип, Општина Пробиштип,** Директорот на НУ НКЦ Скопје издаде Решение за формирање на стручен тим со бр. 08-309/2 од 21.08.2023 година, во состав:

- д-р Сања Ивановска Велкоска, археолог, советник конзерватор, раководител;
- м-р Љуиза Невзати, диа, конзерватор, член;
- Љупчо Тануровски, док.техничар, член.

На ден 24.08.2023 година стручниот тим во полн состав, направи увид во границите на проектниот опфат за изработка на проектна документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до 110/35/10 kV Пробиштип, Општина Пробиштип.

Врз основа на доставената документација (Ажурирана геодетска подлога, доставена на ЦД), расположливата документација во НУ НКЦ (Евиденцијата на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје на недвижно културно наследство на територија на Република Македонија – археолошки локалитети, сакрални и профани објекти, Археолошка карта II на Република Македонија, Скопје 1996 и друга стручна литература), Извештај од стручни увиди на трасата Злетовица 1 и 2, како и направениот увид на предметниот опфат, стручниот тим констатира дека:

- Предмет од интерес на ова барање е поставување на далновод за пренос на струја, кој започнува од трафостаницата на ЕВН во градот Пробиштип (лоциран на координата 41°59'52.06"N и 22°10'34.90"E), поставен е во должина од 6,8 км (воздушна линија) и 370 м (подземна линија), со поставување на далноводи спорадично на секои 50 м. Овој далновод ќе се поставува во должина од вкупно 7,17 км и ќе поминува во атарите на неколку села: Стрмош, Неокази, Петришино и Бучиште;
- Далноводот ќе се поставува паралелно со веќепостоечкиот далновод, што значи дека ќе се користи веќепостоечката инфраструктура;
- Забележително е тоа што далноводот ќе поминува низ за сега непроодни шуми и грмушки и обраснати полиња, но на тој простор со досегашните рекогносцирања, но и информации од стручната литература не се забележани движни и/или недвижни добра.

- Од увидот односно со површинска проспекција во границите на планската локација, не може да се препознаат никакви археолошки остатоци, па ни други до сега неевидентирани културни добра;

ЗАКЛУЧОК:

Со реализација на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Бучиште до 110/35/10 kV Пробиштип, Општина Пробиштип** не претставува предмет на интерес од аспект на заштитата на културното наследство.

НАПОМЕНА:

Напоменуваме дека доколку за време на изведување на градежни и земјени работи, биде откриено движно и/или недвижно културно наследство, согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, Изведувачот е должен веднаш да ги сопре работните активности и за настанатата ситуација да ја извести надлежната институција односно НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.

Изготвиле,

д-р Сања Ивановска Велкоска,
археолог, конзерватор советник

м-р Љуиза Невзати
диа, конзерватор

Сл. 1

Сл.2

Сл.3

општина Пробиштип	нас.место с.Бучиште Пробиштип	Предмет: Стручен увид во границите на опфат за потребите на изработка на Урбанистички проект зон опфат на урбанистички план за изградба на 110KV далновод и кабел од ТС 110/20KV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 KV КО Пробиштип - Општина Пробиштип
Формат на фотографија: Дигитално	дата: 24.08.2023	
снимил Љупчо Тануровски		опис: Сл.1 Поглед кон локацијата снимено од И Лок: 41°56'25.895" N 22°10'48.966" E Сл.2 Поглед кон локацијата снимено од ЈЗ Лок: 41°56'37.847" N 22°10'49.013" E Сл.3 Поглед кон локацијата приклучок со ТС Пробиштип снимено од С Лок: 41°59'53.621" N 22°10'33.582" E
обработил:	Љупчо Тануровски	
раководител:	д-р Сања Ивановска Велкоска	

општина **Пробиштип**	нас. место **с. Бучиште**		Предмет: **Увид во граници на плански опфат за изработка на УП вон опфат на УП за изградба на 110KV далновод и кабел од ТС 110/20KV ФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 KV КО Пробиштип, Општина Пробиштип**
апликација /	опрема /	дата: **Август, 2023**	
снимил /			Опис: Позиционирање на простор на плански опфат за поставување на фотоволтаични панели во однос на евидентираните археолошки локалитети
обработил:	**Љуиза Невзати**		
раководител:	**Сања Ивановска Велкоска**		

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE

Арх. бр/Nr. arh.11-3574/ 2
Дата/Data: 28 -07- 2023

ДО/DERI TE: Тектон ДООЕЛ Скопје
ул. „Народен фронт" бр. 5/125
Скопје

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Известување
ВРСКА/LIDHJA: Ваш број 0302/434/2 од 01.02.2023 година

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со Вашето барање за добивање на податоци и информации потребни во постапката на изработка на Урбанистички проект вох опфат на урбанистички план за изградба на 110 kv далновод и кабел од ТС 110/20kvФЕЦ Бучиште до ТС 110/35/10 kv Пробиштип, КО Пробиштип, општина Пробиштип, по разгледување на доставената ажурирана геодетска подлога со нанесен плански опфат и прибавено мислење од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање од 25.07.2023 година, утврдено е дека предметната локација е надвор од рамките на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот план на РМ 2002-2020 и заштитни зони за водни тела наменети за консумирање од страна на човекот, а притоа низ планскиот опфат поминува река Киселица и повеќе повремени површински водотеци.

Од тие причини, во согласност со Законот за водите („Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Службен весник на Р.С.Македонија 151/21) за да не дојде до нарушување на режимот на водите, при изработка на проектна документација потребно е да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите:

• Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци;

